# I. БИБЛИСКО - ПАТРИСТИЧКИТЕ ДИМЕНЗИИ НА МАКЕДОНСКОТО БИТИЕ

## 1. Времето на апостолскиот век

„Македонија е библиска земја“, претставува синтагма што денес сé почесто се слуша во македонските научни и културну кругови. Несомнена е вистинитоиста на поставената синтагма. Христијанството во Македонија е оприсутнето уште во предсловенската епоха. Тоа задира длабоко во Апостолскиот век. Во втората половина на шеесестите години по раѓањето на Богочовекот Исус Христос, евангелските подвизи на св. ап. Павле претставувале бназичен фактор на распространување на христијанството во Медитеранскиот базен. Македонија како географски простор гравитира кон базенот на Средоземното Море. Поради тоа, таа, во третиот период од историјата на Апостолскиот век ќе биде интегрирана во евангелската *мисија* на првото христијанско поколение. Веќе спомнавме дека, нејзин главен протагонист бил св. ап. Павле. Непобитни историски документи за нашата теза претставуваат писмените споменици на тертиот период од историјата на Апостолскиот век: Двете посланија на св. ап. Павле до Солуњаните и Посланието до Филипјаните. Двете посланија до Солуњаните се најрано напишаните посланија на св. ап. Павле. Тие го сочинуваат едниот од најстарите делови на Новиот Завет. И двете посланија св. ап. Павле ги испратил од Коринт до Солунската Црква за време на неговото второ патување. Солунската Црква била една од повеќето цркви во Македеонија, [1] што биле создадени при второто големо патување на апостолот. Со црквите во Солун и Филипи св. ап. Павле бил духовно поврзан со особено присни реакции на взаемна љубов. Поради тоа, посланијата до македонските цркви претставуваат пред сé посланија на комуникација (општење). Оваа карактеристика особено се однесува на Посланието до Филипјаните. Посланието до црквата во Филипи се одликува со особрено личен карактер и богатство на конктерни историски содржини. Напишано е во затвор.[2]

---

[1] Епископ Кассиан, Христос и первое христианское поколение, YMCA-PRESS, Париз, 1950, стр. 190-194

[2] Павле окован му благодари на Бога иу се моли за верните. Пишува за радоста на животот и смртта во Христа, за неопходноста да се живее достојно на Евангелието.

За да имаме целосно доживување на поисланието упатено до црквата во Филипи, ќе ги цитираме фрагментитењ од 21-30 стих на I глава и од 15-17 стих на IV глава:

ст. „ 21. Оти за мене животот е Христос, а смртта - придобивка.

22. Но, ако живеењето во темно е плодоносно за моето дело тогаш, не знаам што да одберам.

23. И обете ми се мили : сакам да умрам и да бидам со Христа , бидејќи тоа е многу подобро ;

24. но да останам во телото е попотребно за вас.

25. Јас знам сигурно дека ќе останам и ќе пребивам со сите вас за ваш успех и радост во верата,

26. Та пофалбата ваша во Христа Исуса да се умножува преку мене, кога повторно ќе дојдам при вас.

## 2. Византиско - словенското раздобје од IX до XII век

Во IV век по раѓањето Христово, Словените започнале со масовни движења предизвикани од економскиот фактор и големата преселба на народите. Во периодот од IV - VII век во стихии дивергентно се движеле во три насоки. Овој начин на движење го услови создавањето на трите словенски корпуси: Источни, Западни и Јужни Словени.

За време на византиските цареви Јустин (518-527 год.) и Јустинијан (527-565 год.), Словените почнале да ја напаѓаат Византија. Околу 615 год., Словените конечно се оприсутниле по целата терторија на Балканскиот Полуостров. Овој момент е клучен и ќе ја определи историската егзистенција на јужнословенското битие. Во ова историско раздобје почнала да се вообличува физиономијата на новата јужнословенска татковина. Јужните Словени стапиле во мистичен брак со византиското духовно и културно наследство. Во прстенувањето со најмоќната цивилизација на тогашниот свет, се зачнала радикалната преобразба на психо-соматската структура на словенското паганско битие. Во овој еонски броцес на циволизациско зреење на словенската природа, најумните луѓе на словенскиот род го гледаат прстот Божји. Се укажува на еклисиолошката стварност за богоизбраноста на Словенскиот род. Оваа идеја има особена смисла, бидејќи се темели во вистината за средбата на два народи чии својства се дијаметрално различни: древните народи на Византија, водечка сила на сите планови од човековото живеење, и Словените, дива неискалемена овошка, тргната во потрага по цивилизациски калем со снагата на својата стихија. Токму ова историско сретение помеѓу варварогениот словенски народ и христообразниот Народ Божји во Византија е потресно и од мнозина со право наречено: богоизбирање на Словенскиот род.

Прашањето за судбоносното сретение на словенското паганско битие со христијанството го допира периодот од IX – XII век. Тоа време е време на горазди преобразбени процеси остварувани во небоземните сфери на

---

27. Живејте само достојно за Христовот о Евангелие, та, ако дојдам и ве видам, или отсуствувам, да чујам за вас дека стоите во еден дух, борејќи се еднодушно за евангелската вера,

28. И во ништо не плашете се од противниците; тоа е знак на нивната погибел, а вам - за спасение. И тоа е од Бога.

29. Оти вам ви се даде дар поради Христа не само да верувате во Него, туку и да страдате за Него,

30. борејќи се со истиот подвиг, каков што видовте во мене и сега слушате за мене.“

„ 15. А знаете и вие, Филипјани, дека во почетокот на евангелието, кога излегов од Македонија, немаше ниту една Црква нешто да ми даде или нешто да примам освен од вас;

16. зашто и во Солун, еднаш, и по втор пат, ми пративте нужни работи.

17. Ова го велам не дека сакам да ми давате, туку го барам плодот, кој се умножува во ваша полза. “

Цитатите се позајмени од: Свето Писмо на Стариот и Новиот Завет, С. А. Синод на М. П. Црква, 1990 год.

трисинергичната агапа на Бог Троица од страна на најсветите просветители и преобразители на словенската природа.

Новите околности барале радикално подруг начин на постоење. Предизвикот бил голем. Словените смело започнале процес на преобразување до нов антрополошки тип. Биле иницирани крупни промени во сите сфери од животот. Се подготвувал простор за примање на христијанството. за таа цел православна Византија подготвувала мисионери. Племенските поглавари први го примале христијанството, поттикнати од чисто утилитарни причини. Таквиот начин на покрстување бил двојно мотивиран. Во допир со Византија, поглаварите први го запознале христијанството и ги антиципирале плодовите на византиската духовност и култура. Врз нивните амбиции неодоливо влијаел богочовечкиот реализам на олитургисаната Византија, но и моќта и славата на византискиот василевс.

Словените биле покрстувани од мисионери на Римската Патријаршија сé до 732 година. Потем, балканските области биле ставени под канонска јурисдикција на Цариградската Патријаршија, а византиските благовестители на Христа Бога ја презеле мисијата на западните покрстители.

Словенските кнезови и претставниците на византиската империска власт забележувале дека бавното и површно христијанизирање на Словените се должи на немањето на домороден клир во народен јазик и во согласност со психо-соматската и пневматолошката градба на словенското паганско битие.Саканиот и очекуваниот духовен и културен препород ќе се случи со појавата на словенската писменост. Светите браќа Кирил и Методиј (IX век) ќе го причислат словенскиот народ во редот на цивилизираните и културни народи.

Дури со појавата на словенската писменост започнало темелно примање на христијанството. Учените луѓе од народот ги преведувале и ги препишувале светите книги. Евангалското слово го проповедале со збор и со својот автентичен христијански живот. Христијанската философија на животот ја сведочеле како modus vivendi во Богочовекот. Се раѓале огнени последовтели на христијанството. Нивното достоинство ги отпечатувало дверите на срцата од своите пагански сродници по крв за Христа Бога. Светите Климент и Наум го создале првиот словенски универзитет во Охрид. Од него излегле околу три илјади и петстотини христијански образовани и просветени личности.

Охристосеното битие на словенскиот род во Македонија достигнало целосна духовна зрелост и полнолетство дури со појавата на монашкиот стил на живеење. Монаштвото на Балканот пристигнало од православните монашки центри на Исток: Египет, Синај, Палестина и Сирија. Од нивните пазуви се изнедрила богата и опитна мистично-аскетска литература. Бугарија прва го прифатила овој начин на христијанска аскеза, така што, нејзиниот прв христијански цар Михаил - Борис се замонашил. Тој бил првиот словенски владетел меѓу монасите. Првото словенско монаштво било општежително (киновитско). Од општежителното произлегло пустиножителното (еремитското, анахаретското) монаштво. Всушност,

киновитското монаштво имплицитно го содржи во себе еремитското. Центар на киновитското монаштво бил охридско-преспанскиот регион во X век. Второ познато монашко жариште бил просторот лоциран меѓу реките Вардар, Струма и Морава, познат под името Шаплук. Во овој бележит центар на анахоретското монаштво се подвизувал преподобниот отец Јован Рилски, во првата половина на X век. Во текот на XI век и на почетокот на XII век се јавуваат многуславните испосници, преподобните отци наши: Прохор Пчињски, Гаврил Лесновски и Јоаким Сарандопорски (Осоговски). Еремитското монаштво се појавило спонтано, како плод на вистинска христијанизација и жед за благодатен подвиг во Христа. Монашката анахореза во Македонија се развивалка имајќи го за свој прототип анахоретското монаштво на Света Гора Атонска. Од суштествено значење за разбираењето на пустиножителскиот тип на монашко живеење претставува прашањето за причината на неговото појавување. Пред сé, есхатолошкото чувство на членовите на првата христијанска заедница. Нивното чувство е олицетворено во желбата да се соединат со Христа. Поради тоа, во нив се будела надеж во Неговата Света Парусија. Впрочем, за древните христијани, Христовата Парусија (второ доаѓање), веќе чукало на дверите од историскиот еон. Од тоа чувство произлегува чувството дека се патници и туѓинци на земјава. Од тоа чувство се раѓало знаењето за тоа дека не се граѓани на космичкиот град, заради граѓанската вжителеност во небесниот и вечен град Ерусалим, нивната нетлена Татковина.

Во IV век раните христијани доживеале криза на тоталната насоченост кон вечната Татковина. Поради тоа настапил процес на отуѓување од идејата за Божествениот град, предизвикан од новонастанатиот сојуз меѓу Црквата и државата заради масовното покрстување на паганите. Штотуку воспоставениот сојуз меѓу државата на кесарот и црrквата на епископот ќе биде разгледуван како феномен што ќе ја иницира идејата за создавање на монашки начин на живеење во Христа. Анахоретското монаштво било првопројавен монашки модел. Важно е да се подвлече неексперименталниот карактер на монаштвото. Тоа не претставува нов пат што води до спасение, туку пред сé нужен напор на најсвесните христијани за сочувуање на првобитниот маченички етос и жртвопринесливиот ерос на првата христијанска заедница. Со монашкиот етос на антиградот (пустината, манастирот) се засведочува Крстот како единствен реален етос на Црквата Христова. Антиградот воспоставувал животодавни односи во урбаната средуна и нејзиниот жител (homo urbanus), човекот секогаш распнат на Крст. Интуицијата на христијаните чиј „ерос бил распнат“ сообразно со распнатиот ерос на Богоносниот Игнатиј Епископ Антиохиски, ја насети опасноста што ѝ се заканувала на Црквата поради направениот компромис со секуларизи-раниот свет. Бил создаден пустинскиот антиград, како контрапункт на обесветениот град. Манастирската пустиносфера станала простор на кој што Народот Божји се подготвувал за скорото доаѓање на Спасителот.

Калуѓерите како антиципатори на есхатонот благовестат за Богочовекот живеејќи во Христа. Евангелието им стана препеан живот во нивниот живот. Личноста Христова си ја претпоставиле за свој базичен и

уникален критериум на сите вредности. А Евангелието ги надминува рамките на рационалната гноса без да ја одрече. За монасите Бог е вечно жив и човекожубив Бог. Добродетелта е божествена сила што се стекнува во светотаинствениот чин на преумно покајание преку благодатен подвиг. Страстите се греовно тело. Тоа треба да се вмртви на реален духовен начин. Така, човечкото тело се пресоградува во храм на Светиот Дух. А демонската сила е реално битие кое по силата на похотата го гнили Прволикот во ликот на човекот. Телото Христово го претвора во свое тело, а Црквата како собор на живи и конкретни личности, ја претвора во своја, демонска збирштина - антицрква.

Откако ја сочувале чистотата на Иконата Божја напишано во личноста на човекот и откако ги оневозможиле демоинските сили да ја реализираат замислата на геенските сили, Црквата да ја ничкосаат во антицрква, македонските анахорети станале плот од плотта Христова, браќа и сотелесници со воплотениот и вочовечениот Логос Божји. Македонските еремити го дарувале својот народ со вистинска, боголика слобода, и го ослободиле од ропството на паднатите ангели и нивните слуги. Ги урнале идолите на човекобоговите. И покрај тоа што, идолатризираните ракотворби им ја стеснувале надворешната слобода, преподобните пустиножители подвижнички изнаоѓале начини за ширење на просторите на внатрешната слобода. Тие станале жив доказ и показ за човекот постојано слободен во Христа. Богонаучено го учеле словенското битие да го созерцува Бога, да стане боговидец, да стои пред лицето Божјо и молитвено да испросува вечност. Искусните созерцатели на Тајната, мудро го приведуваа словенското битие кон божествената гноса, натурализмот и пантеизмот.

Балканските Словени биле подготвени апофатички да богословствуваат. Подготвиле оптимални услови за создавање совршена, од Светиот Дух оплодена култура. Тие го осветиле сетилото за суптилно разликување на двата типа послушност : послушноста во согласност со волјата Божја и послушноста во согласност со волјата на жовекот. Во текот на сите човекови истории природите на двете волји биле изедначувани. За да ги исцелат гносеолошките инструменти за разликување на духовите во светот, преподобните еремити ги повикувале христијаните на послушност според верата. Поради тоа смело ѝ противвречеле на алијансата склучена помеѓу миропомажаниот автократор и епископот, живата икона Христова. Сојузот меѓу Црквата и државата од црнорисците бил оценет како злоупотреба. Целосната насоченост кон небесниот Ерусалим го откривала небо-земниот карактер на еклисиолошкото и литургиското начело за хранење од Светиот Путир. Доколку Духот се граби со пролевање на крв, дотолку повеќе, крвта е влог за опитно остварување на евангелската поента: „Царството небесно насила се зема и подвижниците го грабаат“ (Мат. 11,12).

Во таа смисла, старците анахорети се облекле во нетлен хитон исткаен од безбројни добродетели. Целта на нивните подвизи било блаженството, а не просто среќата на обесветениот човек. Според пеењето на старозаветниот поет и мелод Давид, Старците станале „*блажени мажи*“.

Овој маж на блаженството од Стариот Завет ќе биде целосно реализиран од Се́човекот на новозаветниот Ден Осми.

Христозаљубените преподобни отци наши, црнорисците: Јован Рилски, Гаврил Лесновски, Јоаким Осоговски и Прохор Пчињски, ја исполниле мерата Христова и се причестиле со несоздадениот благодатен живот. Движејќи се по патот на историската реализација на личноста се распнувале себе си и својот битиетворен ерос, со љубов спрема Христа и во Христа браќата свои. Потем станале блажени мажи и „ново вино“ на Хростовата агаписка жртва на Крстот. Така се принесле како бескрвна жртва „за живот на светов“ и за просвета и спасение на словенскиот род. Со своите преобразени тела во храмови на Светиот Дух, „новите луѓе“ на македонскиот среден век, станале виновници за раѓањето на новото словенско битие.

Очигледна е моќната функција на нивниот персоналистички филозофски светоглед. Димензијата на нивнот богослужбен живот ја следел недимензионалноста на вечноста, поради тоа што носел кичносен белег. Бидејќи индивидуализмот е ерес што ја разградува заедницата на личности и тежнее кон својата завршна форма-солипсизмот. Овој нежубовен максимилизам на себељубието ја самозатвора личноста и ја доведува до апсурдот на самоодрекувањето од себе си. Монадски вообличениот човек е несинергичен и во се́ им е сообразен на Лајбницовите монади од неинтеракциски тип. За македонските старци на пустината, Едносушниот и Троичен Бог е Исток на вечно траење. Македонските анахорети со стекнатиот духовен капитал го исцелиле острастеното (похотното) минато на својот род по плод, крв и дух.

Маркантната појава на Светите Старци еремити во духовната историја на македонскиот народ, ја согледуваме во несебично оставеното духовно наследство, без кое, идните словенски поколенија ќе беа оневозможени да го реализираат својот capa infinitum. Бидејќи само доброто простобитие преобразено во совршено свештенобитие, моќно слови преку поривот за творење. Станало сотворец на Творецот во обласа на културата, уметноста, науката и духовноста. Теолошките науки на словенскиот дел од христијанскиот свет целосно се интегрирале во православната патристичка философија на Светата Црква од Исток. Врз неа моќно ќе повлијае подоцнежното (XII – XIV век) духовно движење на синаитите и паламитите.

Поради тоа што, христијанската еволуција на човековото битие претставува метаморфоза на внатрешниот човек, за неа ќе словиме како за μετάνοια (покајание, преумување). Преобразувањето на умот претставува животен процес со јасна насока спрема Човекот на Осмиот Ден, за кого се́ е ново, бидејќи Христос го ставил знакот на Крстот врз сите созданија. Затоа и словенското битие е преумно и хармолитично. Поради тоа и севкупниот творечки опус на византиско-словенските народи изртува од христовата Богочовечна Личност. Старечките личности на македонското пустиножитие го сочинуваат едниот од повеќето битни онтолошки слоеви на византиско-словенското битие. Старците биле нурнати во таговната радост (радостотворната тага) и апокалиптички насочени кон невечерната Светлина. Како вистински соработници на Создателот, благотворно влијаеле

врз зреењето на византиско-словенското битие до христијанско полнолетство. Бидејќи Христос на сите им дава не просто живот во изобилие, туку божествено всиновување и несмртен живот што почнува hic et nunc.

Со оваа анализа на духовните сокровишта (ризници, трезори) и домостројот на вистинските крстители на словенското битие се посведочува радоста на евангелскиот максимализам и неговата улога во зацврстувањето на христијанството меѓу словените од IX – XII век. Нашево кажување ќе го резимираме со заклучокот дека преподобните пустиножители не го теоретизирале Евангелието, туку го живееле. Станале вистински „синови Божји“, во согласност со евангелското поимање на личната слобода, слободбата волја и слободата на избор и одлучување. Нивниот пример отрезнува за вистината дека сме нивни духовни деца што треба да го продолжат и да го завршат делото на нивните богоблагословени раце.

## 3. Библиската физиономија на македонското творечко битие

Како логичен продолжеток на досега изложените содржини се покажува темата за христијанските плодови на новопросветеното византиско-словенско битие ви Македонија. Има ли место за тезата дека физиономијата на македонското творечко битие е библиска?

Дури ни западните историчари кои настојчиво ја минимизираат улогата на византиското влијание врз италијанската Ренесанса не се сомневаат во решавачката улога на Византија во процесот на обликување на културната историја на словенските народи. Овој органски процес ќе го обземе целиот корпус на словенски народи преку Македонските Словени, поради нивните непосредни релации со Константинопол. Зборуваме за благотворното влијание на идејата за христијанскиот универзализам, благовестена од Православната Црква во Византија. Универзалниот христијански хеленизам од Грците барал максимален респект спрема штотуку богообразениот словенски етнос.

Чинот на предавање на византиската култура на Македонските Словени се случувал така што бил детерминиран од двас базични постулати:

а) Христијанството на Црквата од Исток постојано и принципиелно го застапувала евангелскиот став: Светото Писмо и богослужбената литература да се преведуваат на јазиците од народите што го числат Народот Божји - Црквата Божја; и

б) Поради тоа што хеленското самопознание за своја база го имал грчкиот национализам, тој ќе го изнедри поартикуларизмот што ќе предизвика слабеење на православниот византиски универзализам. Плод на овој ретрограден процес бил предизвиканиот антагонизам помеѓу Грците и Словените.

И двата постулати се елитистички белези на византискиот хеленистички хуманизам. Тие ги оневозмоижија Словените за суштинско примање на световната култура на Грците. Поради тоа што, византиската култура во Македонија стигнала „во превод“, хеленизмот во неговиот

интелектуален и творечки стадиум не го допрел умот на Македонскиот Словен.

Светите браќа Кирил и Методиј и покрај афирмативниот став спрема античкото паганско философско наследство, не го преведувале, бидејќи за нив библиското и литургиското теолошко предание на Црквата имало првостепено значење. Православниот егзистенцијалист Г. П. Федотов забележал дека помеѓу евангелизирањето на западните германски „варвари“ и покрстувањето на Словените постои драстична разлика: источните „варвари“ го примиле христијанството на свој мајчин јазик тогаш, кога нивните западни браќа морале да учат латински за да го примат спасителното познавање на верата.

Византија принципиелно го игнорираше хеленизирањето на словеномакедонските неофити, без да ги спречува да учат туѓи јазици. Овој благороден педагошки пристап, со право наречен светокирило-методиевски метод, ќе им овозможи на Македонските Словени христијанското учење да го примат и да го разберат пословенчено од грчкиот оригинал.

На културен план, словенските релации со византиската цивилизација биле ограничени поради јазичната бариера. Од тие причини, творечкиот подем се потпирал врз сопствените траленти, способни да ги исползуваат локалните источници.

Во X век, веќе биле преведени многубројни библиски, литургиски, патристички и историски текстови. Преведувачи на текстовите биле Светите браќа Кирил и Методиј и нивните свети ученици.

До XI век целосно бил преведен Новиот Завет, делови од Стариот Завет чија функција е литургиска (особено Давидовите псалми), литургиските текстови и огромен број на византиски литургиско-поетски творби. Освен тоа, била преведена и хагиографската литература, читана во манастирите, потем, монашките устави и извесни текстови со енциклопедиски карактер, од типот на хрониките: „Христијанска типографија“ на Козма Идикоплевст и „физиолог“.

Духовната историја севкупната култура на сите словенски народи почнала токму со преводот на Библијата на старословенски јазик, поточнои на јазикот на Македонските Словени, а подоцна и на јазиците на секој словенски народ посебно. Библијата ѝ станала темел на словенската култура и царски двери низ кои Слвените влегле во историјата на цивилизираниот свет. Преведувањето на Библијата е настан што аја одредува духовната, културната и историската судбина на народите. Тоа особено важи за народите како македонскиот, кај кои преведувањето на Библијата е поврзано со добивањето на *азбука* и *писменост*.

Веќе самиот чин на преведување бара ингениозен творечки подвиг и умеење, бидејќи преведувањето само по себе претставува еден вид на толкување на оригиналниот текст. Кога се понашуваат свештени текстови од типот на Светото Писмо, се открива смислата на секој логос, т.е. се протолкува и се објаснува без да се извлече од неговиот историски контекст. Егзегезата на словото се случува бдеејќи над неговата скриена содржина и смисла. Вистинскиот превод не смее да биде лексичка и мисловна гимнастика.

Тој претставува длабоко доживување и преживување на понашуваниот текст од страна на преведувачот. Токму такво беше и остана свето кирило-методиевското преведувачко дело. На тој начин понашената Библија го овозможи создавањето и образувањето на стариот македонски јазик, од науката со право оквалификуван како прв книжевен јазик на сите Словени. Тоа беше резултат на неговата внатрешна христијанизација, воцрковување и олитургисување. Се случи метаморфоза на словенската стихиј, мисла и глагол, на словенскиот „логос", т.е. на душата на словенските народи.

Оној што сака да ја облече во збор непреведливата теандрична тајна скриена во текстот на Светото Писмо, мора најпрвин да стане смирен и молитвен ослушнувач на жуборењето на вечното во историското. Таквиот преведувач го допира ритамот на скриената содржина на преведуваниот свештен текст, но и ритамот на јазикот од кого се понашува и на јазикот на кого се понашува и во кого се воплотува мистичната содржина. Овој молитвен пристап кон свештениот текст им бил својствен на првоначалните преведувачи и толкувачи на македонскиот протојазик, на Светите браќа Кирил и Методиј и нивните ученици. Меѓу нив особено се истакнувал Свети Климент Охридски.

Тоа што го објаснувале херменевтичките зафати на егзегетите, зографите мистириозно го толкувале со јазикот на иконографското сликарство, а мелодите со јазикот на освештената музичка уметност. Свештените православни уметности соочуваат со фундаменталното својство на православниот иконопис, со симболизмот, кој сликарството го вознесува над дидактичкото и наративното, бидејќи ги допира најскриените тајни на изобразените свети ликови или свети собития. Поради тоа, иконописот претставува типолошко-симболичко укажување на прволикот изобразен во ликот и оприсутнување на неговиот дух и на благодатта Божја.

Нашиов век е век на радикална противставеност помеѓу духот на древната византиско-словенска библиско-литургиска култура и модерната паганска евроамериканска цивилизација. Духовната клима во која живееела и од која се хранела севкупната европска наука и култура од крајот на XIX век и почетокот на XX век е обележана од духот на морализмот и естетицизмот, од една страна, но и од егзактниот емпиризам од натуралистички тип и историцизмот, од друга страна. Кон тоа ќе го вредиме и социјалнниот радикализам од разни сорти, кој потем прераснал во револуционерни потреси и катастрофи. Горката чаша на сите овие „-изми" не ја одмина Македонија и нејзината интелигенција. Македонската интелигенција беше совладана од искушението да се отсече од библиско-литургиските корени на македонското византиско-словенско битие и ѝ се подава на философската тенденција за редуцирање на трансцедентното во рамките на иманентното, на онандестраното во рамките на одавдестраното, над суштественото во рамките на природното, човекот и општеството. Христијанската, патристичка философија беше насила испикана во матриците на феноменолошки разораната историја. Таа насоченост на модерното време спрема иманентното, зачната и започната во Ренесансата, не остана без влијание и на теолошката мисла.

Неодминливи следбеници на таа насоченост, на ирационалниот ерос и неговото погружување во материјата до поистоветување со неа, биле и останале - скептицизмот и критицизмот. Логично е на едно такво мислење да му е „вродена“ антирелигиозната определба. Зошто? Затоа што и најпримитивната религиозна свест претпочита стварност, подлабока од материјата и иманентното и подалечно од дострелот на човечкиот ум.

Од феноменологијата на историјата детерминираната мисла и наука на современиото, откако ја прелести македонската интелигенција, ја остави сизисофски да се напрега и радикално да ги превреднува сите предели на животот и неговите постигнувања. Најпрво се променил нејзиниот однос кон Библијата и кон методологијата на библиската херменевтика. За мнозина Библијата престана да биде боговдахновена и вечноважечка Книга. За нив, библиската порака стана релкативна, историски условена и сватлива само во историско-општествен контекст.

Овој радикализиран бран на антибиблиски критицизам е раширтен по целиот свет и ја заплиска Македонија и библиско-патристичките димензии на македонското битие. Тој се манифестира практично и теоретски и предизвикува апологетска реакција и обид, Библијата и верата да се оправдаат пред разумот. Ваквото оправдување на Библијата ја следи тежбата кон врамновесување на нејзините вистини и нејзината порака со модерните научни теории.

Но тие веќе, не се автохтони источници и чинители на библиската физиономија на македонското творечко битие.